**за објавување на одлуката за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 30.03.2018 година.

Бр. 09-425/8
30.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 30.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2017 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2017 година и годишниот финансиски извештај за 2017 година, кој е составен дел од годишниот извештај за работењето.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2017 година и годишниот финансиски извештај за 2017 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-412/1
30.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-66/1
05.03 2018 год.
ШТИП

# Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2017 година

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

март 2018

Врз основа на член 26 – а став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015), член 4 став 1 алинеја 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион поднесува:

Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2017 година

ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно член 24 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Штип).

Центарот за развој на Источен плански регион е регистриран на 26 мај 2008 година, а од 1 октомври 2008 година, по назначување на Раководител на Центарот, започна со работење.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 25 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015).

Седиштето на Центарот за развој на Источен плански регион е во општина Штип како единица на локална самоуправа со најголем број жители (Член 24 став 6 од Законот за рамномерен регионален раазвој), на ул. „Ванчо Прќе" број 119 кат 2, 2000 Штип, Тел: 032/386-408, Фах. 032/386-409, www.eastregion.mk

## II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. *Раководител*

Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион;

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешки, развојни и стручно –технички прашања

Раководител на одделение;

Координатор за регионален развој;

Координатор за регионален развој и инвестициски проекти;

Б. Одделение за нормативно-правни и финансиски прашања и други стручно административни и општи работи

Раководител на одделение;

Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи;

Советник за административно-технички работи;

Центарот за развој на Источен плански регион во 2017 година има 7 (седум) вработени од кои: 1 (еден) раководител кој се избира на четири години, 4 (четири) лица на неопределено работно време, едно лице на определено време кое работи на проектот "Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија" и лице на определено време кое работи како Координатор на проектни активности поврзани со еко туризам на „Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2".

Структурата на вработените по работни места е следна: Раководител - еден извршител (1); Координатор за регионален развој - тројца извршители (3); Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи - еден извршител (1); Координатор за подршка на МСП - еден извршител (1); и Координатор на проектни активности поврзани со еко туризам - еден извршител (1).

## III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

### *3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот;

### *3.2 Услуги за општо информирање*

- Интернет страна: www.eastregion.mk, www.investineastregion.mk,
- Facebook: Centre for Development of the East Planning Region
- Поддршка на порталот: www.bregalnica-ncp.mk

### *3.3 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти*

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти;

### *3.4 Обуки, работилници и услуги*

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој;

### 3.5 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Подршка при учество на саеми и други манифестации;

### *3.6 Лобирање*

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот;

### *3.7 Подршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија*

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;
- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал;

## АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2017 ГОДИНА

## I. АПЛИЦИРАНИ, ОДОБРЕНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Врз основа на барање од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони за финансирање во 2016 година, Центарот за развој на Источен плански регион согласно законските надлежности утврдени во Законот за рамномерен регионален развој, на 15.12.2015 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој аплицираше со 4 (четири) предлог проекти за реализација во 2016, со продолжителност во 2017 година.

| Ред. Број | Назив на проектот | Статус на проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Паркот на МАКФЕСТ | Реализиран во 2017 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), општина Штип |
| 2. | Изградба на деловен простор за ЦРИПР, со Регионален Музеј и Туристички Инфо Центар | Позитивно оценет | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), |
| 3. | Изградба на пристапен пат од Регионален пат Р-601 до село ВРТЕШКА, црква Свети Ѓорги (Планинарски дом Вртешка) | Реализиран во 2017 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), општина Карбинци |
| 4. | Техничка документација за пречистителна станица за отпадни води на влезот на езеро Калиманци | Позитивно оценет | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |

2. Врз основа на барање од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони за финансирање во 2017 година, Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2016 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој аплицираше со 4 (четири) предлог проекти за реализација во 2017 година.

| Ред. Број | Назив на проектот | Статус на проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на регионален Етно парк во с. Зрновци – Фаза 1 | Реализиран во 2017 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) и општина Зрновци |
| 2. | Регулација на речно корито на Виничка река – Фаза 1 | Реализиран во 2017 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), и општина Виница |
| 3. | Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев „Свиланово"- Кочани, Чешиново-Облешево | Во фаза на реализација | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) и општина Кочани, општина Чешиново-Облешево |
| 4. | Реконструкција на куќа во Етно-центар со стара македонска архитектура во Ново Село - Општина Штип | Позитивно оценет но одбиен во административна контрола | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |

3. Врз основа на барање од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони за финансирање во 2018 година, Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2017 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој аплицираше со 4 (четири) предлог проекти, за реализација во 2018 година.

| Ред. Број | Назив на проектот | Статус на проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Со младите во заедничка зелена иднина | Во фаза на евалуација | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), општина Штип |
| 2. | Збогатување на туристичката понуда со изградба на Пешачки мост на река Брегалница во Делчево | Во фаза на евалуација | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), општина Делчево |
| 3. | Изработка на техничка документација за енергетска ефикасност на училишта и градинки во 11 општини од регионот | Во фаза на евалуација | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |
| 4. | Изградба на дел од ул. 1 во индустриска зона „Чуката" Пехчево | Во фаза на евалуација | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), општина Пехчево |

## II. АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ВО РАМКИ НА ИНТЕРРЕГ (ИПА) ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во рамките на Интеррег - ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија – Р. Македонија 2014 – 2020 година – I (прв) повик, Центарот за развој на Источен плански регион во јануари 2016 година поднесе 2 (два) предлог-проекти и истите се одобрени за финансирање.

Во проектот „Зелени згради за заедничка зелена иднина" Центарот е водечки партнер, додека проектот „Интеграција на европските стандарди во здравството и иновативен пристап во насока за развој на прекуграничен кластер за здравство" го управува, односно се јавува како имплементатор на проектните активности.

По потпишување на Договорите во октомври 2016 година, започнаа административните подготовки на истите, за да се отпочне со реализација на проектните активности во јануари 2017 година.

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Статус | Носител/Партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Интеграција на европските стандарди во здравството и иновативен пристап во насока за развој на прекуграничен кластер за здравство<br>Буџет: 117.000,00 еур | Реализиран во 2017 | Регионална медицинска асоцијација-Благоевград, Бугарија<br>/ Јавна здравствена установа Клиничка болница Штип, Македонија | Интеррег - ИПА /Програма за Прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија |
| 2. | Зелени згради за заедничка зелена иднина "GREEN"<br>Буџет: 398.000,00 eur | Во фаза на реализација 2017-2018 | Центар за развој на Источен плански регион / Областна Администрација на регионот Благоевград | Интеррег -ИПА /Програма за Прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија |

## III. ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Временска рамка | Носител / партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Рехабилицанциони работи за штети настанати од поплави во сливот на реката Брегалница - Потпорни ѕидови Виница | 2016-2017 | ЦРИПР - Општина Виница | SECO/Општина Виница |
| 2. | Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2 | 2017-2021 | Фармахем / МЕД, ЦРИПР, МЖСПП, АПП, МЗШВ, Општини од ИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка, МЖСПП и општини од ИПР |
| 3. | Проект за набавка на санитетски возила за потребите на клинички центар Штип | 2016-2017 | Клинички Центар Штип/ЦРИПР | Јапонска амбасада |

Во 2017 година започна со реализација втората фаза од имплементација на „Програмата за зачувување на природата во Македонија-фаза 2", со конкретни активности на Центарот за развој на Источен плански регион:

- Склучен Договор за заедничко спроведување на проектот помеѓу ЦРИПР и Фармахем на 03.02.2017 година;
- На Седница на Советот за развој на ИПР одржана на 24.02.2017 во општина Берово, од претставник на Фармахем беа презентирани активностите од втората фаза на ПЗП како и предлозите за заштитени подрачја во сливот на река Брегалница произлезени од еколошката ГАП анализа и мапата на еколошка сензитивност од страна на претставник на МЕД како имплементирачки партнер на ПЗП;
- Видовите активности кои треба да се реализираат во втората фаза и како заеднички да се започне во реализација на истите, меѓусебното информирање и координација беа предмет на Договорање на работниот состанок одржан на ден 23.05.2017 година во Скопје помеѓу Фармахем, ЦРИПР и МЕД;
- На 16.08.2017 во општина Чешиново-Облешево е одржан координативен состанок за Еко-етно парк односно за изработка на проектна задача,;
- Од 4-11.09.2017 година двајца претставници од ЦРИПР учествуваа на конференција EUROPARK 2017 која се одржа во Португалија;
- Од 14-16 септември 2017 година на покана од ПТК и ЦРИПР во посета на ИПР присуствуваа двајца експерти од Хрватска. Експертите од Хрватска заедно со проф. др. Ивица Милевски, претставници од ЦРИПР, ПТК и општина Пробиштип го посетија локалитетот Лесново и неговите потенцијали и дадоа позитивно мислење околу иницијативата да се аплицира за прогласување на Геопарк Лесново;

- На 27.09.2017 година е објавен ОГЛАС за вработување на Координатор на активности поврзани со еко туризам на Проект „Програма за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) – фаза 2";
- По објавениот оглас е направен избор на лице, кое започна со работа од 15.11.2017 година;
- Со отпочнувањето со работа на Координаторот на активности поврзани со еко туризам на Проект „Програма за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) – фаза 2", започна да функционира и канцеларијата за развој на еко туризам;
- Одржана Работилница за воспоставување на заштитени подрачја во Брегалнички регион на 18ти и 19ти октомври 2017, х. „Манастир" во Берово со засегнатите страни. На работилницата се презентирани:
  - Процесот на воспоставување на заштитени подрачја во Брегалничкиот регион;
  - Развивање на нацрт пристапи и сценарија за заштитени подрачја во Брегалничкиот регион;
  - Companion Modeling;

  Исто така, изработена е и SWOT Анализа на потенцијалните сценарија на заштитени подрачја.
- Одржана работилница „Регионален план за управување со шумите како можност за одржливо управување со шумите во горниот дел на реката Брегалница" на 22 и 23 ноември 2017 во „хотел Манастир" во Берово;

## IV АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој, Центарот за развој на Источниот плански регион за прв пат доби можност да аплицира по оваа програма. На 12 Јуни 2015 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Центарот поднесе предлог-проекти по следните мерки:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Мерка 322 – Обнова и развој на селата;
- Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја;

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Статус на Проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови): Изградба на локален пат од локален пат с. Врсаково – с. Судик до с. Долно Трогерци и Реконструкција на мост с. Ратавица – с. Бунеш"<br>Буџет 30.760.940,00 ден. | Реализиран во 2016-2017 година | Мерка 321<br>Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој кофинансирање од општина Штип и Пробиштип |
| 2. | Изработка на Урбанистички планови за села во Источниот плански регион за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево"<br>Буџет 22.886.094,00 | 2017 - 2018 | Мерка 322<br>Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, кофинансирање од страна на општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево |
| 3. | Инвестиции во локална патна инфраструктура: Изградба на локален пат за општините Виница, Берово и Делчево<br>Буџет 14.545.177,00 ден. | Реализиран во 2017 | Мерка 323<br>Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, кофинансирање од страна на општините Берово, Виница и Делчево |

## V АКТИВНОСТИ НА БИЗНИС ЦЕНТАРОТ ВО РАМКИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2017 ГОДИНА

Врз основа на Законот за рамномерен регионален развој и Програмата на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој, а со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Програмата за поддршка на Обединети Нации (УНДП).

Во текот на 2017 година Бизнис Центарот при Центарот за развој на Источен плански регион, спроведе серија на активности се со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој во регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- *Информативен настан на тема: „Можности кои ги нуди новата ИПАРД Програма 2014-2020“;*
- *Еднодневна обука – работилница во рамки на проектот „Бизнис Центар – „Клик“ поблиску до вашиот бизнис“. Во рамките на овој проект се изработи иновативна веб и мобилна апликација „КЛИК“, со цел да се овозможи поефикасна и поефективна комуникацција меѓу Бизнис центарот при Центарот за развој на Источниот плански регион и бизнис заедницата со редовна комуникација преку интернет и мобилни апликации. Главната цел на проектот е да се зголеми конкурентноста на Источниот плански регион преку нови иновативни методи за поддршка и промоција на малите и средни претпријатија и промоција на регионот кон домашни и странски инвеститори;*
- *Инфо-сесија за четвртиот повик за инструментите: „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап, спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации“;*
- *Информативен настан на тема: „Проект за локална и регионална конкурентност“ во врска со првиот Повик за изразување на интерес за финансирање на под-проекти од областа на туризмот;*
- *Еднодневна обука на тема: „Јакнење на капацититети за ЕУ“ со цел презентирање на програмите за финансирање од ЕУ наменети за институциите, граѓанскиот и приватниот сектор како и да се презентираат активностите на Центарот за обука на Секретаријатот за прашања на Р. Македонија;*

- *Инфо ден за воспоставување на Заштитени подрачја во сливот на река Брегалница;*
- *Еднодневна работилница со цел развој на три различни сценарија за заштитени подрачја во сливот на река Брегалница. Една од главните активности е воспоставување на заштитени подрачја во сливот на река Брегалница. Процесот ќе започне со развој на три различни сценарија за заштитени подрачја во сливот на река Брегалница, преку примена на широк и консултативен процес со партиципативно вклучување на локални чинители, а потоа и избор на најсоодветното сценарио;*
- *Две еднодневни работилници за изготвување на Регистар на потенцијалите за развој на руралниот туризам во ИПР. Од страна на УНДП и Министерство за локална самоуправа се имплементира проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво" во рамките на кој ќе се врши мапирање на потенцијалите за развој на туризмот во рамките на Источен плански регион. Во рамките на оваа активност за Источниот плански регион се изготви нацрт-верзија на Регистарот на потенцијалите за развој на руралниот туризам;*
- *Подготовка и дистрибуција на е-билтен за месец јуни, јули, август, септември, октомври, ноември и декември. Е-билтенот се изработува на месечно ниво и истиот се испраќа до сите заинтересирани страни – стеикхолдери од Источен плански регион. Месечни е-билтени можат да се видат на веб страната на Бизнис Центарот на Источен плански регион: http://investineastregion.mk/?mk=vesti&god=2017&broj=37*
- *Инфо-сесија за Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија - О2 ПРЕДИЗВИК;*
- *Пополнување на листата на евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони, согласно Правилникот за начинот за водење и формата и содржината на евиденцијата на развојните потенцијали на општините и планските региони и упатството за пополнување на листата на евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони (Службен весник на Р.М. бр.146 од 2016г.). Изготвената евиденција, листа на потенцијали на планските региони за 2016 година е уредно потполнета и доставена до Министерство за локална самоуправа – Сектор за регионален развој;*
- *Еднодневна работилница на тема: „Јакнење на капацитетите и значењето на регионалниот развој – воспоставување на координација помеѓу ЛЕР одделенијата во општините од Источниот плански регион и ЦРИПР";*

## VI. СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во текот на 2017 година, Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки:

1. Постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000,00 евра без ДДВ

- Набавка на Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 – DO 5000;
- Доделување на договор за јавна набавка на услуги: Дизајн и печатење на Каталог на реализирани проекти од Центар за развој на Источен плански регион, финансирани во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој на Министерство за локална самоуправа и Биро за регионален развој;
- Доделување на договор за јавна набавка на услуги: Вршење на сметководствени и книговодителски услуги;

2. Постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност над 20.000,00 евра за стоки и услуги без ДДВ

- Доделување на договор за јавна набавка на работи: Изградба на Регионален Етно парк во с.Зрновци – Фаза I – NAD;
- Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – „Свиланово";
- Договор за јавна набавка на работи: Регулација на речно корито на Виничка река – Фаза I (дел од траса од основниот проект 0+540.34-0+980.00);
- Набавка на непредвидени работи кон работите од основниот Договор наш дел.бр. 0507-142/27 од 29.06.2017 година и Анекси на истиот, наш дел.бр. 0507-142/29 од 31.10.2017 година и наш дел.бр. 0507-142/30 од 22.11.2017 година за Регулација на речно корито на Виничка река – Фаза I (дел од траса од основниот проект 0+540.34-0+980.00) како и допрецизирање на кусоците и вишоците на работите од истиот;
- Изградба на потпорни ѕидови на ул. „Иво Лола Рибар" во општина Виница;
- Програма за зачувување на природата во Македонија – Фаза 2, доделување на договор за јавна набавка на стоки: Опрема за опремување на канцеларија за „еко" туризам;

## VII. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари–декември 2017 година подготви и организира 7 (седум) седници на Советот за развој на Источен плански регион.

8.1 На ден 24.02.2017 година (петок) во општина Берово (Хотел „Манастир" - Сала за состаноци) се одржа триесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седницата на Советот за развој на ИПР беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на Записникот од XXIX Седница на Советот за развој на Источен плански регион, одржана на ден 29.12.2016 година во општина Пробиштип;
2. Главни резултати од првата фаза на Програмата за зачувување на природата во Македонија и главни насоки за втора фаза – Марјана Шушлевска, тим лидер на ПЗП;
3. Презентација на предлозите за заштитени подрачја во ИПР – проф. д-р Славчо Христовски;
4. Примопредавање на Нацрт-верзија на Просторен план на Источен плански регион;
5. Предлог–Одлуки за преотстапување на:
   - Туристички Инфо Центар Пониква;
   - Осветлување на Лесновските монашки пештери и санација на постоечки пристапни пешачки патеки;
   - Улица во с. Лаки која води кон црква св. Јован Богослов и археолошки локалитети Црквиште, Могила и Градиште, за стационажа од 0,000 км-0,450 км – Општина Виница;
   - Дел од локален пат с.Трстија - с.Турија (КМ 0 + 800,00 - 1 + 097,00) – Општина Делчево;
6. Обврски на општините за финансирање на тековното работење на Центарот и обврски по основ кофинансирање на проекти;
7. Предлог-Одлука за трансфер на средства за реализација на проектот „Зелени згради за заедничка зелена иднина – ГРЕЕН";
8. Расправа за потребата од изработка на Стратегии за Локален Економски Развој за општините од ИПР;
9. Разно;
   - Расправа во врска со поднесување на Барања од општините за прогласување на природни реткости;

8.2 На ден 31.03.2017 година (петок) во општина Чешиново-Облешево (општинска зграда – Сала на Совет) се одржа триесет и првата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седницата на Советот за развој на ИПР беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на Записникот од XXX Седница на Советот за развој на Источен плански регион, одржана на ден 24.02.2017 година во општина Берово;
2. Предлог–Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2016 година;
3. Предлог–Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршните сметки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2016 година;
4. Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 за 2016 година;

5. Предлог–Одлуки за преотстапување на:
   - Адаптиран објект Бања „Кежовица" Штип – ФАЗА Г;
   - Изграден објект - Партерно уредување околу археолошкиот локалитет Мородвис";
6. Примопредавање на Регионална Стратегија за иновации на Источен плански регион;
7. Разно;

10.3. На ден 11.05.2017 година (четврток) во општина Пехчево (Хотел „Гогов") се одржа триесет и втората Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на Записникот од XXXI Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 31.03.2017 година (петок) во општина Чешиново-Облешево;
2. Предлог–одлука за преотстапување на објект „Реконструкција и рехабилитација на локална улица во с. Митрашинци до црква св. Илија – I фаза – Општина Берово";
3. Информација за одобрени проекти за реализација во 2017 година финансирани преку Програмите за рамномерен регионален развој;
4. Предлог-одлука за трансфер на средства за реализација на Проект „Планински велосипедски рај";
5. Разно;

8.4 На ден 23.06.2017 година (петок) во општина Зрновци се одржа триесет и третата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на Записникот од XXXII Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 11.05.2017 година (четврток) во општина Пехчево;
2. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Паркот на МАКФЕСТ";
3. Обврски на општините за тековно работење на Центарот за развој на Источен плански регион по Договор за соработка склучен помеѓу МЛС и ЕЛС;
4. Обврски на општините за кофинансирање на проекти (реализирани и во тек);
5. Разно;

8.5. На ден 15.09.2017 година (петок) во општина Карбинци се одржа триесет и четвртата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од XXXIII Седница на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Информација за реализацијата на тековни проекти преку Центарот за развој на Источен плански регион;
3. Информација за Предлог-Проекти за финансирање преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2018-та година;
4. Информација за обврски на општините за тековно работење на Центарот за развој на Источен плански регион и обврски по основ на кофинансирање на проекти;
5. Предлог–одлука за измена на Одлука за трансфер на средства за реализација на проектот „Зелени згради за заедничка зелена иднина – ГРЕЕН";
6. Одлука за набавка на патничко моторно возило на Центарот за развој на Источен плански регион;

7. Информација за тековни и идни активности на Програмата за зачувување на Природата во Македонија;
8. Разно;

8.6 <u>На ден 21.11.2017 година (вторник) во општина Штип се одржа Конститутивната Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Избор на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Извештај од Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
3. Верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
4. Избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;
5. Разно;

8.7 <u>На ден 04.12.2017 година (понеделник) во општина Кочани (Туристички Инфо Центар Пониква) се одржа втората Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од триесет и четвртата XXXIV Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 15.09.2017 година, во општина Карбинци;
2. Усвојување на записникот од Конститутивната Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 21.11.2017 година, во општина Штип;
3. Годишна листа на Предлог-Проекти за развој на Источен плански регион во 2018 година;
4. Неизмирени обврски на општините согласно Договор за соработка склучен помеѓу МЛС и ЕЛС и обврски по основ на Договорите за заедничка реализација на проекти;
5. Утврдување на Листа на претставници од општините за учество на обуки во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија – Фаза 2;
6. Разно;

Изработил:
М-р Александар Николов
*Координатор за регионален развој*

март 2018 година

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
***Драгица Здравева***

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП

# Годишен финансиски извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2017 година

ИСТОЧЕН РЕГИОН

март 2018 година

Согласно член 26-а став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015) и член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион изготви и му достави на Советот за Развој на Источен плански регион на разгледување и усвојување Годишен Финансиски извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2017 година.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2017 година
2. Завршните сметки за 2017 година на следните проекти:
   - Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 1
   - Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2
   - Зелени згради за зелена заедничка иднина
   - Рехабилитациони работи за штети настанати од поплави во басенот на река Брегалница

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесен вишок на приходи од претходни години | 10.696.267,00 | 17.336.152,00 |
| 2. | Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот | 1.762.046,00 | 1.542.452,00 |
| 3. | Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 4. | Трансфер на средства од БРР за реализација на проекти | 19.616.879,00 | 8.848.623,00 |
| 5. | Трансфер на средства од МЛС за реализација на проект – Бизнис Центар | 400.000,00 | 400,000,00 |
| 6. | Трансфер на средства од АФПЗРР | 20.000.000,00 | 11.501.642,00 |
| 7. | Приходи од менаџирање на проекти ПЗПМ | 855.186,00 | 1.200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Приходи од ПЗПМ – 2 за едно лице | - | 234.000,00 |
| 9. | Приходи за кофинансирање на проекти од општините | 11.559.379,00 | 4.385.305,00 |
| 10. | Повраток на средства за реализација на проект (КРЕАТИВА) | 2.800.333,00 | - |
| 11. | Други приходи | 331.000,00 | 19.508,00 |
| | **ВКУПНО:** | **69.221.090,00** | **46.667.682,00** |

(во денари)

| Ред. бр. | РАСХОДИ | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плати и надоместоци | 3.378.264,00 | 3.666.764,00 |
| 2. | Патни и дневни расходи во земјата и странство | 153.852,00 | 51.080,00 |
| 3. | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 218.087,00 | 168.849,00 |
| 4. | Горива и масла | 209.170,00 | 16.951,00 |
| 5. | Прехрамбени продукти, хигиенски средства | 21.402,00 | 27.246,00 |
| 6. | Организација на работилници | 46.768,00 | 41.330,00 |
| 7. | Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување | 34.717,00 | 33.013,00 |
| 8. | Поправка и одржување на возило | 16.230,00 | 28.360,00 |
| 9. | Сметководствени услуги | 84.960,00 | 84.960,00 |
| 10. | Договорни услуги | 77.000,00 | 61.790,00 |
| 11. | Други оперативни расходи | 377.347,00 | 139.643,00 |
| 12. | Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти) | 47.267.141,00 | 37.016.207,00 |
| | **ВКУПНО:** | **51.884.938,00** | **41.336.193,00** |
| | *Пренесен вишок на приходи во наредна година* | 17.336.152,00 | *5.331.489,00* |

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 1

СМЕТКА НА ПРОЕКТОТ: 880006116678551
ЕДБ: 4057012100856
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | 3.802.630,00 | 1.187.403,00 |
| 2. | Трансфери на средства од Фармахем за реализација на проектни активности | 16.124.259,00 | 44.458,00 |
| 3. | Трансфер на средства од општина Пробиштип – проект: Осветлување на лесновски Монашки пештери | 442.734,00 | - |
| | **ВКУПНО:** | **20.369.623,00** | **1.231.861,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Расходи за реализирани проектни активности | 19.182.220,00 | 1.231.220,00 |
| | **ВКУПНО:** | **19.182.220,00** | **1.231.220,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 1.187.403,00 | - |

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

СМЕТКА НА ПРОЕКТОТ: 8800061166785D2
ЕДБ: 4044017100140
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Трансфери на средства од Фармахем за реализација на проектни активности | - | 208.960,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **208.960,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирана најмалку една обука за зачувување на природата и одржливо управување со природните ресурси EUROPARK 2017 - Португалија | - | 186.346,00 |
| 2. | Објавен повик и избран кандидат за работа во канцеларијата за развој на еко туризам | - | 14.108,00 |
| | **ВКУПНО:** | - | **200.454,00** |
| | *За пренос во наредна година* | - | *8.506,00* |

ЗЕЛЕНИ ЗГРАДИ ЗА ЗАЕДНИЧКА ЗЕЛЕНА ИДНИНА

СМЕТКА НА ПРОЕКТОТ: 8800061166785Ц8
ЕДБ: 4080016115043
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | - |
| 2. | Донации од странство | - | 7.325.545,00 |
| 3. | Трансфер на средства за кофинансирање на проектот (општина Кочани, ЦРИПР) | - | 4.500.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **11.825.545,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Расходи за реализирани проектни активности | - | 7.472.870,00 |
| 2. | Трансфер на средства кон ПП2 | - | 2.249.889,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **9.722.759,00** |
| | *За пренос во наредна година* | - | *2.102.786,00* |

РЕХАБИЛИТАЦИОНИ РАБОТИ ЗА ШТЕТИ НАСТАНАТИ ОД ПОПЛАВИ ВО БАСЕНОТ НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА

СМЕТКА НА ПРОЕКТОТ: 8800061166785А9
ЕДБ: 4080015111427
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | 1.381.938,00 |
| 2. | Донација од Амбасада на Република Швајцарија во Македонија – компензационен фонд МФ | 3.475.456,00 | - |
| 3. | Кофинансирање од општина Берово | 300.000,00 | 307.202,00 |
| | **ВКУПНО:** | **3.775.456,00** | **1.689.140,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Расходи за проектни активности | 2.393.518,00 | 1.669.052,00 |
| | **ВКУПНО:** | **2.393.518,00** | **1.669.052,00** |
| | *За пренос во наредна година* | *1.381.938,00* | *20.088,00* |

ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 30.03.2018 година.

Бр. 09-425/9
30.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 30.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2017 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2017 година.

Член 2

Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2017 година е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-413/1
30.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-73/1
05.03.18

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015 - 2019 за 2017 година

Март, 2018 година

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E:eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

***Подготвил:*** Центар за развој на Источен плански регион

***Усвојува:*** Совет за развој на Источен плански регион

Врз основа на член 25 став 1 алинеа 6 и член 45 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија (Сл. Весник на Р.М. бр. 63/07, бр.187/13, бр.43/14 и бр.215/15 година), а во согласност со член 4 став 1 точка 8 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион подготви:

## ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 за 2017 година***

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2015-2019 година го опфаќа периодот јануари - декември 2017 година.

Во координација со 11 (единаесет) единици на локалната самоуправа во состав на регионот, Центарот за развој на Источниот плански регион реализираше активности согласно утврдените среднорочни цели и приоритети во Програмата и Годишниот Акционен план.

Во овој извештај се опфатени проектите финансирани од националниот буџет преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од националниот буџет преку Програмите на линиските министерства, АФПЗРР, проекти финансирани од ИНТЕРРЕГ ИПА - Програма за прекугранична соработка со Р.Бугарија (2014-2020), Швајцарската Агенција за развој и соработка – (SDC), Швајцарската конфедерација, ГИЗ-РЕД Програмата за регионален економски развој во Р.Македонија, УНДП и останати донатори.

Во извештајот, се опфатени и проекти реализирани од други чинители во регионот, во кои Центарот се јавува како партнер или поддржувач, како и проекти за кои Центарот има обезбедено директно податоци или податоци преку општините.

***Визијата за регионалниот развој на Источниот плански регион*** упатува на крајната цел што треба да се постигне:

*"Источниот плански регион да е модерен регион со динамичен економски развој базиран на развојот на човечките ресурси и современата технологија, препознатлив по зачуваната животна средина, одржливо земјоделство и подобрениот квалитет на живеење".*

***Среднорочни цели, главни приоритети и мерки*** за реализирање на поставената визија:

***СЦ1. Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање;***

Главни приоритети за остварување на оваа среднорочна цел се:

- ✓ ***ГП 1.1. Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:***

*1.1.1. Мапирање на конкурентските предности на регионот*

Од оваа мерка во 2017 година се реализирани:

- Изграден тротоар на улицата „Јулија Веселинска во општина Пехчево";
- Зајакнување на подршката на детската градинка „7 Септември" во општина Пехчево;
- Изграден пензионерски клуб во Пехчево;
- Маркет анализа за рурален туризам, недрвни шумски производи и мед и други пчелни производи.

*1.1.2. Прилагодување на понудата на пазарот на трудот кон потребите на инвеститорите*

Од оваа мерка во 2017 година се реализирани:

- Анализа од потребите на пазарот на трудот;
- Стратегија за образование на возрасни за општина Штип за период 2017 - 2022;
- Реконструкција и рехабилитација на осум улици во Пехчево;
- Реконструкција на старата училишна зграда во Пехчево.

*1.1.3. Изнаоѓање на дополнителни погодности за инвеститорите*

Од оваа мерка во 2017 година се реализирани:

- Рекострукција на домот во село Панчарево – општина Пехчево;
- Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите;
- Инфо сесија за Четвртиот јавен повик за поднесување предлог проекти за финансирање од под инструментот Кофинансирани грантови за стартап и спин-оф апликанти;
- Инфо сесија на тема: „Јакнење на капацититети за ЕУ" со цел презентирање на програмите за финансирање од ЕУ наменети за институциите, граѓанскиот и приватниот сектор;
- Инфо сесија на тема: „Јакнење на капацитетите и значењето на регионалниот развој– воспоставување на кординација помеѓу ЛЕР одделенијата во општините од Источниот плански регион и ЦРИПР";
- Прва работилница за изготвување на Регистар на потенцијалите за развој на руралниот туризам во ИПР;
- Втора работилница за изготвување на драфт Регистар на потенцијалите за развој на руралниот туризам во ИПР;
- Инфо сесија за Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија - О2 ПРЕДИЗВИК;

*1.1.4. Промоција на регионот и на неговите конкурентски предности*
Од оваа мерка во 2017 година е реализиран:

- Каталог на реализирани проекти на Центарот за развој на Источен плански регион (2009-2016).

✓ ***ГП 1.2. Развој на претприемништвото и на малиот бизнис во регионот,***
